**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4067/**

# З А П И С Н И К

**Од 157.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 29.07.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Сузана Николовска-Одделение за сметководство во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,157.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи да работи по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 156.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација за доставување на барање до УЈП за одлагање на плаќање на даночен долг по основ на данок на добивка и камата по основ Решение за присилна наплата на парични средства со бр.27-26-63/423 од 09.07.2021 година.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 156.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 156.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 156.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записникот од 156.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување на Информација за доставување на барање до УЈП за одлагање на плаќање на даночен долг по основ на данок на добивка и камата по основ Решение за присилна наплата на парични средства со бр.27-26-63/423 од 09.07.2021 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните објасни дека предходно Надзорниот одбор одржа своја седница на која е дадена согласност за засновање заложно право на недвижни ствари на ЈРП МРТ,и во продолжение му даде збор на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски кажа дека за блокадата на сметката на МРТ не биле известени навремено за која се планира да се оди на решавање со спогодба за плаќање на долгот на рати притоа да се донесе одлука за заложување на дел од имотот на МРТ.Надзорниот одброј ја прими оваа информација со изненадување бидејќи немаше никакво предходна најава за настанатата ситуација, и во континуитет предходно кога сме разгледувале вакви материјали на седниците ништо не давало сигнал од бројките и податоците дека вакво нешто можело да се очекува.
Надзорниот одбор констатираше неколку работи и тоа дека оваа ситуација претсавува во негативна конотација изненадување,иако и самите служби за дел имаа и оправдани причини зошто настанало ова, и второ дека оваа е многу сериозен проблем и затоа треба системски да се најде решение.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека Надзорниот одбор на својата седница ги донел и следниве заклучоци:
-Надзорниот одбор на МРТ бара дополнување на Информација бр.05.3810/2 од 27.07.2021 година со следните параметри:
Заклучоци од состанокот УЈП-МРТ во насока што УЈП дала како опции;
Што според закон нас ни стои на располагање за да се одблокирање на сметката (задолжување на имот, банкарска гаранција);
Зошто банкарската гаранција е понеповолна опција за МРТ визави зошто е подобра опција задолжување на имот (поткрепено со членот 111 од законот);
-Ако се заложува имот, да се заложи имот кој, при евентуална заплена, не би го загрозил тековното нормално работење на куќата (беше споменат подрум), при што соодносот би бил 1:1.
-Надзорниот одбор на МРТ бара од менаџментот на ЈРП МРТ да поведе правна постапка за наплата на побарувањата кои ги имаме од УЈП.
-Надзорниот одбор на МРТ го задолжува менаџментот на ЈРП МРТ да ги искористи сите можности да се обрати до сите релевантни институции и меѓународни чинители и да ги информира дека јавниот сервис е доведен во финансиски незавидна позиција од апсект што институцијата не ги добива финансиките средства предвидени со Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.
-Надозрниот одбор на МРТ го задолжува менаџментот на ЈРП МРТ да запре со секакви преземања на нови дополнителни обврски, освен тие што сега се во рамки на потпишани договори, до моментот на добивање на увид на Информацијата која ќе даде појасна слика за финансиската состојба на ЈРП МРТ.

После ова надзорниот одбор доби корегирана информација со тие потребни информации и барање на кое изразивме согласност да се оди на постапка со плаќање на рати,затоа што цениме како Надозрен одбор дека оваа ситуација е де факто случена.
Ивана Трајковска запраша што би се случило додека МРТ повторно биде блокирана.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ одговори дека не верува прво дека би се случило тоа, но и тоа дека тие како тело не се задолжени тоа да го знаат и сервисираат на дневен основ во куќата.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац посочи дека е многу важен момент што Надзорниот одбор дал заклучок во форма со која се бара од менаџментот на МРТ да започне постапка пред УЈП за наплата на заостанатите долгови,бидејќи ние како две тела цело време зборуваме дека се неправедни тие долгови а реално до сега ништо не превземаме за да се ослободиме од тие обврски.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац исто така предложи на наредна седница на советот да се почекаат заклучоците донесени од Надзорниот одбор и да се произнесеме дали ќе ги подржиме, или пак сами ќе донесеме некои наши заклучоци како Програмски совет.
Членот на советот Снежана Клинчарова истакна дека го подржува предлогот на претседателката на советот, да се почекаат конечните и да се потврдат заклучоците на Надзорниот одбор и да дадеме натамошни препораки како програмски совет.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател